**И з в е ш т а ј**
**За реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2021 година**

Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка за периодот од 01.01.2021 год. до 31.12.2021 година согласно Програмата за социјална заштита, детска и здраствена заштита за 2021 година ги има реализирано следните активности:

**Активностите во програмата се во три области - социјална, детска и здравствена заштита.**

Во делот за Социјална заштита во точка 9 е предвидено „вклучување на воспитно образовни асистенти во редовниот процес на образование за деца со попречености кои се вклучени во редновниот процес на образование„ бидејќи со годините наназад работевме со истите, но од оваа година воспитно образовните асистенти ги презема МОН и средствата од оваа точка ги сменивме со Одлука на Совет за реализација на следните активности дадени во табелата што следи.

Подготовка на апликација, аплицирање во УНДП за проектот **„Цело е кога има се“**произлезен од програмата за Општинско Корисна Работа.

| **1.** | Времетраење | Средства обезбедени од УНДП<br><br>**453.600,00 МКД** | Вкупно средства од буџетот на општина Крива Паланка<br><br>**200.000,00 МКД** | Вкупно средства за реализација на програмата Општинско корисна работа од УНДП се<br><br>**653.600,00** МКД |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Вкупно** | **653. 600.00** МКД |
| **1**.Ангажирани се седум лица | 9 месеци 2021/2022 | 7*9.000*9=567.000,00 МКД | | |
| 4 Ангажирани седум лица преку | Финансирани се 80% 7*7200*9 месеци= 453.600,00 МКД | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Програмата Општинско корисна работа | | | | |
| 7 Ангажирани лица кои 20% ги финансира Општина Крива Паланка | Финансирани се 20 % од општина Крива Паланка 7*1800*9=113.400,00 МКД | | | |
| Програмата предвидува и превоз на ангажираните лица односно за Фасилитаторите. | 9 месеци | | | |

- Успешно добиена апликација, подготовка на целата документација
- Ангажирани 7 лица ( од кои 4 лица се ангажирани во ОЈУДГ "Детелинка" од кои двајца Воспитувачи, еден Негувател и еден Музички аниматор заради давање дополнителни услуги во установата по програмата кои работи истата и 3 ангажирани лица фасилитатори/истражувачи на терен на социјално загрозени лица и жени жртви на семејно насилство.
- Ангажираните лица се со работен ангажман во преиодот од 01.09.2021 година до 31.05.2022 година.
- Релизирани активности и финансиски средства по Програмата за 2021 година
- Вкупно се опфатени 200 крајни корисници.
- Секојдневна координација со ангажираните лица за реализација на предвидените активности.
- Повремена контрола на терен.

(Проектот „Цело е кога има се" е во рамки на Програмата Општинско корисна работа, а е подржан од Организацијата за развој на Обединетие нации- УНДП, Агенцијата за вработување и Министерсвото за труд и социјална политика. Проектот е финансиран од страна на УНДП, а Општина Крива Паланка учествува со сопствени средства за да може проектот целосно да се реализира. Проектот во 2021-2022 година се реализира по шести пат на територија на општина Крива Паланка.

2. Во областа за Социјална заштита во точка 1 „Еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво, елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали и други потреби за подобрување на условите за живот", реализирана е еднократана финансиска и материјална помош по основ на барања на лица, кои се социјално загрозени или се корисници на права од социјална заштита.

3 .Во Областа за здравствена заштита Во точка 1 „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести.Реализирана е еднократна парична помош по основ на поднесени барања на лица кои боледуваат од ретки и специфични болести.

4. Во областа за социјална заштита во точка 7 „соработка и помош на лица со интелектуална попреченост и телесни инвлиди", реализирани се средства за 3-ти Декември Интернационалниот ден на лицата со попреченост за лицата штитеници на Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост.

| |
|---|
| 5. Во Областа за Социјална заштита во точка 5 „формирање на центар за стари лица за давање помош во домашни услови преку сертификација на негователи/ки и набавка на специјализирано моторно возило за реализација на активностите и задоволување на потребите на корисниците**“.**<br>-Проект за подобрување на социјалните услуги, грант обезбеден преку МТСП во висина од 1.818,000 МКД за воспоставување на услугата и 9.216,000 МКД за испорака на социјалната услуга за 12 месеци. |

- **Доделување на еднократен надоместок за новороденчиња за првите пет родени во годината**

| | |
|---|---|
| 6. Област Детска Заштита<br>Средства планирани во Буџетот на Општина Крива Паланка 33.335,00 МКД | Потрошени средства **33.335,00 МКД** за првите пет новороденчиња родени во годината запишани на територија на Општина Крива Паланка |

7. Во областа за Детска заштита во точка 9 „новогодишни пакетчиња за деца“, реализирани се средства за новогодишни пакетчиња за деца во ОЈУДГ „Детелинка“, за лицата штитеници во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна поипреченост.

| |
|---|
| 8. Во областа за Детска заштита во точка 8 „Поддршка за надградба и реконструкција во ОЈУДГ „Детелинка“ – Средства побарани и добиени од Светска Банка преку МТСП<br>-Добиени средства од Министерство за труд и социјална политика во рамки на Јавен повик за подобрување на социјалните услуги односно за проширување на капацитетите во детски градики преку изградба, доградба, адаптација или реконструкција на истите. Општина Крива Паланка започна со надградба и реконструкција на ДГ „Детелинка“ на ул.Илинденска и обезбеди грант од буџетот на МТСП во вредност од **23.500.000,00 МКД** кој е во тек на реализација. |

**-Соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, ОЈУДГ „Детелинка“, Центар за вработување и други локални и државни институции.**

**-Соработка со Дневен Центар за лица со интелектуална и комбинирана попреченост**

**-Соработка со Невладин сектор, НВО ЦИПЛП „Порака“, Црвен Крст-Крива Палнака.**

**Сектор за општи и правни работи,**
**финансиски прашања**
**и локален економски развој**
**Раководител:**
**Мартин Николовски**

**Одделение за јавни дејности, економски развој**
**и информатичка технологија**
**Раководител**
**Антонио Давитковски**